РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА ВО 2016 ГОДИНА**

**Број 01-133/1**
**Дата 21.03.2017 година**
**Скопје**

**СОДРЖИНА**


**1.Општ дел**

**2.Организација и работа на Државната комисија**
2.1. Состав на Државната комисија
2.2. Внатрешната организација на стручната служба на Државната комисија
2.3. Структура на Државната комисија
2.4. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2016

година
2.4.1. Административни службеници вработени на неопределено време
2.4.2. Вработени со договор за вработување на определено работно време до 31.12.2016 година заради привремено зголемен обем на работа

**3. Индикатори на работата на Државната комисија**
3.1. Општа статистика на предметите на Државната комисија
3.2.Структура на предметите на Државната комисија според начин на решавање и вид на одлука
3.3.Управно судска заштита на предметите на Државната комисија

**4. Статистичка анализа на постапките на правна заштита**

4.1.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на трудот, социјалната политика, обрзованието и културата;

4.2.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната;

4.3.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството;

4.4.Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество;

4.5.Вкупен број на примени предмети во 2016 година во инспекцискиот надзор и вкупен број на решени предмети од инспекцискиот надзор

4.6.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството;

4.7.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на економијата и финансиите;

4.8.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање и земјоделството;

4.9.Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на внатрешните работи и други области.

4.10.Вкупен број на примени предмети во 2016 година во прекршочната постапка и вкупен број на решени предмети од прекршочната постапка

## ВОВЕД

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е основана со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 130/2014 и број 53/2016), (во натамошен текст: Закон) кој влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот весник на Република Македонија односно од ден 11.09.2014 година, а започна да се применува од ден 01.02.2015 година.

Претседателот и членовите на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка беа избрани од страна на Собранието на Република Македонија со Одлука за избор на претседател и членови на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.08-835/1 од 16.02.2015 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 23/2015.

Со наведената Одлука за Претседател на Државната комисија е избран Александар Софронијоски, а за членови на Државната комисија се избрани: Симона Лескароска, Тања Дедејска, Зорица Стоилева, Неждет Винца и Хајрула Мисини.

Согласно член 3 став 7 од Законот, од редот на членовите со Одлука за избор на Заменик претседател на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0401-45 од 19.05.2015 година избрана е Симона Лескароска.

Дополнително, на ден 11.01.2016 година со Одлука за избор на член на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на Собранието на Република Македонија бр.08-157/1 од 11.01.2016 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 4/2016 за член на Државната комисија е избран Владимир Петровски.

Согласно член 6 од Законот, Државната комисија за своето работење

поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Годишниот извештај особено содржи:
-број на примени предмети,
-број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби),
-број на нерешени предмети,
-број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и
-статистичка анализа на постапките на правна заштита.

## 1.ОПШТ ДЕЛ

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е надлежна за решавање по жалби против решенијата донесени во прв степен во инспекциската постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочната постапка.

Во постапката за решавање по жалби, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците, доколку со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка или друг закон поинаку не е уредено.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка го применува Законот на прекрошоците („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15), согласно член 158 од истиот, влезе во сила на ден 31.07.2015 година, а започна да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка односно од ден 01.02.2015 година.

Со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 87/2015 од 09.11.2016 година, објавена во („Службен весник на Република Македонија” број 211/2016 година), членот 158 од Законот за прекршоците е укинат, наведената одлука започна да произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Ма кедонија т.е од ден 01.12.2016 година, при што Законот на прекрошоците започна да се применува со денот на влегувањето во сила т.е осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба ќе се применуваат одредбите од Законот за административни службеници.

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги избира по пат на јавен конкурс и ги разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.

По жалбените предмети, Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови и истата може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку пет члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/ или неговиот заменик. Член на државната

комисија не може да биде воздржан при гласање и седниците на Државната комисија не се јавни.

Начинот на работа и постапката за одлучување пред Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работата и одлучување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0201-44 од 19.05.2015 година.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

### 2.1. Состав на Државната комисија

Државната комисија е составена од Претседател и шест члена.

Заменик претседателот на Државната комисија е избран од редот на членовите на Државната комисија согласно член 3 став 7 од Законот.

### 2.2. Внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија

Согласно член 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Државната комисија има стручна служба и на вработените во стручната служба се применуваат одредбите од законот со кој се регулираат правата и обврските на административните службеници.

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година.

Со Правилникот се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начините и форми на раководење со делокруг на работа, раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на стручната служба е уредена согласно надлежностите на Државната комисија во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната Комисија.

Внатрешната организација на стручната служба се заснова на начелата на:

-Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;

-Насоченост кон корисниците на услугите;

-Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;

-Делегирање на овластувањата и

-Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално финансиски, инвестициски, стручно-административни и други работи во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

- Сектор за инспекциски надзор;
- Сектор за прекршоци;
- Сектор за стручно-административни прашања;
- Посебна организациона единица-Одделение за финансиски прашања и
- Посебна организацона единица-Одделение за човечки ресурси.

### 2.3. Структура на Државната комисија

Структурата на Државната комисија заклучно со 31.12.2016 година:

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Заменик Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Член на Државната комисија | 5 |
| Вкупно | 7 |

**2.4. Структура на стручната служба на Државната комисија заклучно со 31.12.2016 година**

Со Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Државната комисија бр.0101-76 од 31.07.2015 година, Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37 од 25.01.2016 година, Правилникот за дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/2 од 11.02.2016 година и Правилникот за дополнување на правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка бр.0101-37/2 од 11.02.2016 година се утврдува вкупниот број на административни службеници односно 77 извршители, ситематизирани во 74 работни места, нивниот распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места, а распоредени се на следниот начин и тоа:

| **Ниво на работни места** | **Звање** | **Систематизирани работни места** |
|---|---|---|
| А02 | Генарален секретар | 1 |
| Б01 | Државен советник | 2 |
| Б02 | Раководител на сектор | 3 |
| Б03 | Помошник раководител на сектор | 3 |
| Б04 | Раководител на одделение | 13 |
| В01 | Советник | 14 |
| В02 | Виш соработник | 9 |
| В03 | Соработник | 9 |
| В04 | Помлад соработник | 11 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 |
| Г02 | Виш референт | 1 |
| Г03 | Референт | 1 |
| Г04 | Помлад референт | 3 |

Во Правилникот се утврдени и опишани и вкупно 3 (три) работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно

Правилникот за внатрешна организација на стручната служба на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Работните места се распоредени на следниот начин:

(превоз на лица и опрема)

-Ниво А3 – Возач (1 )

(други помошно – технички лица)

-Ниво А3 – Курир (1)

-Ниво А3 – Хигиеничар (1)

**2.4.1. Административни службеници вработени на неопределено време:**

| | |
|---|---|
| - Државен советник | 1 |
| - Раководител на одделение | 2 |
| - Советник | 4 |
| - Помлад соработник | 9 |
| -Самостоен референт | 1 |
| -Референт | 1 |
| -Помлад референт | 3 |
| **Вкупно** | **21** |

**2.4.2. Вработени со договор за вработување на определено работно време до 31.12.2016 заради привремено зголемен обем на работа:**

| | |
|---|---|
| - Раководител на одделение | 1 |
| -Виш соработник | 1 |
| - Соработник | 3 |
| - Помлад соработник | 1 |
| **Вкупно** | **6** |

# 3.ИНДИКАТОРИ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 3.1. Општа статистика на предметите во Државната комисија

Во текот на 2016 година Државната комисија примила вкупно 3.589 предмети, кои во понатамошниот текст детално се образложени според структура, начинот на решавање и област.

Од вкупниот број на предмети кои се примени во 2016 година, Државната комисија решила 2.688 предмети, а воедно во 2016 година решила и 349 предмети од 2015 година или решени се вкупно 3.037 предмети.

Имено од предметите кои се примени во 2016 година, нерешени се 901 предмети.

| **2016 година** | |
|---|---|
| Вкупно примени предмети во 2016 година | **3.589** |
| Вкупен број на решени предмети од 2016 година | **2.688** |
| Вкупен број на решени предмети од 2015 година во 2016 година | **349** |
| Вкупен број на решени предмети во 2016 година | **3.037** |
| Вкупен број на нерешени предмети од 2016 година | **901** |




*Табеларниот и графичкиот преглед се однесуваат на вкупната работа на Државната комисија во 2016 година.

## 3.2. Структура на предметите во Државната комисија според начинот на решавање и вид на одлука

Со цел подобро запознавање со работата на Државната комисија, во понатамошниот текст подетално е објаснета структурата и видот на предметите, како и начинот на решавање по истите од страна на Државната комисија.

Предметите кои се примени во Државната комисија во слисла на член 6 од Закон за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се делат на следниот начин:

- Предмети по жалби изјавени против решенија на првостепените органи (решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка и одлуки за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка) и

-Предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети).

Државната комисија во 2016 година решила вкупно 3.037 предмети и тоа на начин и постапка според структурата и видот на предметите пристигнати пред Државната комисија. Во таа смисла Државната комисија горенаведените предмети ги решила на следниот начин:

**По предметите по жалби изјавени против решенија на првостепените органи,** Државната комисија истите ги решила на следниот начин:

***Ја прифатила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување, (понатаму:прифатени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2016 година Државната комисија прифатила вкупно 845 жалби од кои 16 предмети биле по примени уважени тужби од Управниот суд со кои е поништено решението на другите второстепени комисии формирани во Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

***Ја одбила жалбата како неоснована, (понатаму:одбиени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2016 година Државната комисија одбила вкупно 1.809 жалби, од кои 2 предмети по изјавени жалби ги одбила, а биле по примени уважени тужби од Управниот суд со кои е поништено решението на другите второстепени комисии формирани во Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

***Ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена, изјавена од неовластено лице и отфрлена поради ненадлежност, (понатаму:отфрлени жалби).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2016 година Државната комисија отфрлила вкупно 325 жалби.

***Ја запрела постапката по изјавената жалба, поради повлекување на жалбата од страна на жалителот, (понатаму:запрени постапки).**

-Од вкупниот број на решени предмети во 2016 година Државната комисија ја запрела постапката по вкупно 5 жалби.

***Предмети кои биле решени од првостепениот орган или Државната комисија ги испратила на понатамошно постапување на надлежен орган** .

Во предмети кои биле решени од првостепениот орган влегуваат предметите кога жалбата била предадена или испратена непосредно на Државната комисија, која

веднаш му ја испратила на органот од прв степен, а истиот жалбата ја отфрлил како недопуштена, ненавремена или изјавена од неовластено лице или нашол дека жалбата е оправдана, а не е потребно да се спроведува нова испитна постапка и со ново решение го заменил решението што се побива со жалбата.

Во предмети кои Државната комисија ги испратила на понатамошно постапување на надлежен орган се предметите кога истата утврдила дека согласно законските одредби не е надлежна да решава по истите, односно дека друг орган е надлежен да решава по изјавената жалба и истите ги испратила на понатамошно постапување на надлежниот орган.

-Во 2016 година вкупно 53 предмети биле решени од првостепениот орган или Државната комисија ги испратила на понатамошно постапување на надлежен орган.

***Од вкупниот број на 901 нерешени предмети по изјавени жалби во 2016 година, Државната комисија административно побарала докази или доуредување во 376 предмети.**

Во овој случај, по примањето на предметот Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека постојат недостатоци поради кои не може да постапува. Понатаму Државната комисија изготвила допис со кој укажува на утврдените недостатоци и предметот го враќа на првостепениот орган истите да ги отстрани, односно да ги достави бараните докази и списи, со цел да се докомплетира предметот како би можела Државната комисија по истиот да решава, **(понатаму: административно барање).**

***Од вкупниот број на  нерешени предмети по изјавени жалби во 2016, т.е од 901 предмет,  87 предмети биле по примени пресуди на Управниот суд во 2016 година, Државната комисија административно побарала докази или доуредување на 59 предмет.**

Во овој случај, Државната комисија извршува увид во пресудата и констатирала дали истата се однесува на второстепено решение на Државната комисија или на второстепено решение на Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија и доколку пресудата се однесува на второстепено решение на Органите на државната управа и во Општините во Република Македонија формира предмет. По извршениот увид во пресудата ако Државната комисија константитала недостатоци изготвува допис со кој укажува на утврдените недостатоци и предметот го враќа на првостепениот орган истите да ги отстрани, односно да ги достави бараните докази и списи, со цел да се докомплетира предметот, како и уште еден примерок на пресудата и правосилност на пресудата, со цел Државната комисија  да постапува по истата. **(понатаму: административно барање).**

| **2016 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети  од страна на Државната комисија во 2016 година во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка** | |
| Прифатени жалби | 845 |
| Одбиени жалби | 1.809 |
| Отфрлени жалби | 325 |
| Запрени постапки по жалби | 5 |
| Предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган | 53 |
| **Вкупно** | **3.037** |

Во следниот графички приказ ќе бидат преставени вкупниот број на решени предмети од страна на Државната комисија во 2016 година во областа на

инспекцискиот надзор и прекршочната постапка




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка од страна на Државната комисија

### 3.3. Управно судска заштита во предметите на Државната комисија

Во општиот дел од овој Извештај, опишана е надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, како и по пресуди на Управниот суд.

Имено во членот 11 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, предвиден е управен спор пред надлежен суд, односно преду Управниот суд.

Во таа смисла, по однос на решенијата на Државната комисија, во овој дел истакнуваме дека Државната комисија заклучно со 31.12.2016 година, евидентирала вкупно **511 поведени управни спора**, против решенијата на Државната комисија донесени во 2016 година, од кои 92 управни спора по предмети од областа на инспекцискиот надзор, додека 419 управни спора по предмети од областа на прекршочната постапка.

-Управниот суд по однос на поднесените тужби по второстепените решенија на Државната комисија од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка постапила на следниот начин: уважила 11 тужби, одбила 57 тужби, отфрлила 6 тужби и запрела 3 постапки по тужби.

## 4. СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ НА ПРАВНА ЗАШТИТА

### 4.1. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка во областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата.

Во 2016 година се примени вкупно 141 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата и истите се заведени пред Државната комисија со архивски знак 0804.

Од вкупниот број на предмети кои се примени во оваа област, Државната комисија решила вкупно 77 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила 47 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 124 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 55 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила вкупно 77 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата и тоа на следниот начин:

- 51 предмети каде жалбата ја прифатила
- 54 предмети каде жалбата ја одбила
- 5 предмет каде жалбата се отфрла
- 3 предмети каде постапката е запрена
- 11 предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган

| **2016 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во 2016 година во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика, образованието образованието и културата** | |
| Прифатени жалби | 51 |
| Одбиени жалби | 54 |
| Отфрлени жалби | 5 |
| Запрени постапки | 3 |
| Предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган | 11 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **124** |




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во инспекциска постапка од областа на трудот, социјалната политика,образованието и културата

**4.2. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната.**

Во 2016 година се примени вкупно 699 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната кои од Државната комисија се заведени со архивски знак 0805.

Од вкупниот број на предмети кои се примени во оваа област во 2016 година, Државната комисија решила вкупно 509 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година решила 190 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 699 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 126 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила вкупно 699 предмети во инспекциската постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната и тоа на следниот начин:

- 349 предмети каде жалбата ја прифатила
- 304 предмети каде жалбата ја одбила
- 29 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмети каде постапката е запрена
- 15 предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган

| 2016 година | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната,** | |
| Прифатени жалби | 349 |
| Одбиени жалби | 304 |
| Отфрлени жалби | 29 |
| Запрени постапки | 2 |
| Предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган | 15 |
| **Вкупно** | **699** |




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во инспекциска постапка од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната

**4.3. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството.**

Во 2016 година се примени вкупно 42 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството кои од Државната комисија се заведени со архивски знак 0806.

Од вкупниот број на предмети кои се примени во оваа област во 2016 година, Државната комисија решила 32 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила и 10 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 42 предмети.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 10 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила вкупно 42 предмети во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и

здравството и тоа на следниот начин:

- 11 предмети каде жалбата ја прифатила
- 22 предмети каде жалбата ја одбила
- 6 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмети каде постапката е запрена со заклучок
- 3 предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган

| **2016 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството** | |
| Прифатени жалби | 11 |
| Одбиени жалби | 22 |
| Отфрлени жалби | 6 |
| Предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган | 3 |
| **Вкупно** | **42** |




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во инспекциска постапка од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството

**4.4. Предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во областа на економијата, финансиите и информатичкото општество.**

Во 2016 година се примени вкупно 30 предмети по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество кои од Државната комисија се заведени со архивски знак 0807.

Од вкупниот број на предмети кои се примени во оваа област во 2016 година,

Државната комисија решила вкупно 20 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила и 6 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 26 предмети.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 9 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила вкупно 26 предмети во инспекциска постапа од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество и тоа на следниот начин:

- 2 предмети каде жалбата ја прифатила
- 12 предмети каде жалбата ја одбила
- 3 предмети каде жалбата ја офрлила
- 9 предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган

| **2016 година** | |
|---|---|
| **Вкупен број на решени предмети во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество** | |
| Прифатени жалби | 2 |
| Одбиени жалби | 12 |
| Отфрлени жалби | 3 |
| Предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган | 9 |
| **Вкупно** | **26** |




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во инспекциска постапка од областа на економијата, финансиите и информатичкото општество,

**4.5. Вкупен број на примени предмети во 2016 година во инспекцискиот надзор од областа на трудот, социјалната политика, образованието и културата, од областа на транспортот и врски, животната средина и просторното планирање, локалната самоуправа и одбраната, од областа на земјоделството, храната и ветеринарството и здравството и од областа на економијата, финансиите и**

**информатичкото општество и вкупен број на решени предмети од наведените области**

Во 2016 година пред Државната комисија се примени вкупно 699 предмети во инспекциските постапки од сите погоре наведените области.

Од вкупниот број на примени предмети во 2016 година, Државната комисија решила вкупно 638 предмети, но покрај ова решила и 253 предмети од 2015 година во 2016 година или вкупно решила 891 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 200 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила вкупно 891 предмети во инспекциска постапка и тоа на следниот начин:

- 413 предмети каде жалбата ја прифатила
- 392 предмети каде жалбата ја одбила
- 43 предмети каде жалбата се отфрла
- 5 предмети каде постапката е запрена
- 38 предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган

| **2016 година** | |
|---|---|
| Вкупен број на решени предмети во инспекцискиот надзор во 2016 година | |
| Прифатени жалби | 413 |
| Одбиени жалби | 392 |
| Отфрлени жалби | 43 |
| Запрени постапки | 5 |
| Предмети по изјавена жалба испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од првостепен орган | 38 |
| **Вкупно** | **891** |




*Вкупен број на  решени предмети во инспекциската постапка во 2016 година

Во следниот графички приказ ќе бидат преставени вкупниот број на решени  предмети во 2016 година од инспекциската постапка по секоја поодделна област,




**4.6. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството.**

Во 2016 година се примени вкупно 220 предмети во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството и заведени, пред Државната комисија со архивски знак 0904.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството кои се примени во 2016 година, Државната комисија решила 177 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила 24 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 201 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 17 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила 201 предмет во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството и тоа на следниот начин:

-24 предмети каде што жалбата се прифаќа
-106 предмети каде што жалбата се одбива
-71 предмет каде што жалбата се отфрла

| 2016 година | |
|---|---|
| Вкупен број на решени предмети во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството | |
| Прифатени жалби | 24 |
| Одбиени жалби | 106 |
| Отфрлени жалби | 71 |
| **Вкупно** | **201** |




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во прекршочната постапка од областа на трудот, социјалната политика и здравството

**4.7. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на економијата и финансиите.**

Во 2016 година се примени вкупно 178 предмет во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите и заведени пред Државната комисија со архивски знак 0905.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите кои се примени во 2016 година, Државната комисија решила 107 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила 9 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 116 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 40 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила 116 предмет во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите и тоа на следниот начин:

-60 предмети каде што жалбата се прифаќа
-27 предмети каде што жалбата се одбива
-27 предмети каде што жалбата се отфрла
-2 предмети по изјавени жалби испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од страна на првостепениот орган

| 2016 година | |
|---|---|
| Вкупен број на решени предмети во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите | |
| Прифатени жалби | 60 |
| Одбиени жалби | 27 |
| Отфрлени жалби | 27 |
| Испратени предмети по изјавени жалби на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од страна на првостепен орган | 2 |
| **Вкупно** | **116** |




*Вкупен број на решени предмети во 2016 година во прекршочната постапка од областа на економијата и финансиите

**4.8. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството.**

Во 2016 година се примени вкупно 191 предмети во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството и заведени пред Државната комисија со архивски знак 0906.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството кои се примени во 2016 година, Државната комисија решила 131 предмет.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила 5 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 136 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 24 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила 136 предмети во

прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството и тоа на следниот начин:

-38 предмети каде што жалбата се прифаќа
-74 предмети каде што жалбата се одбива
-23 предмети каде што жалбата се отфрла
-1 предмет по изјавена жалба испратен на понатамошно постапување на надлежен орган или решен од страна на првостепениот орган

| **2016 година** | |
|---|---|
| Вкупен број на решение предмети во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството | |
| Прифатени жалби | 38 |
| Одбиени жалби | 74 |
| Отфлени жалби | 23 |
| Испратени предмети по изјавени жалби на понатамошно постапување на надлежен орган или решен од страна на првостепениот орган | 1 |
| **Вкупно** | **136** |




*Вкупнен број на решени предмети во 2016 година во прекршочната постапка од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството

**4.9. Предмети по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучува во прекршочна постапка од областа на внатрешните работи и други области.**

Во 2016 година се примени вкупно 2.088 предмети во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области и заведени пред Државната комисија со архивски знак 0907.

Од предметите во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области кои се примени во 2016 година, Државната комисија решила 1.635 предмети.

Покрај ова, Државната комисија во текот на 2016 година, решила 58 предмети од оваа област кои се примени во 2015 година, односно во 2016 година решила вкупно 1.693 предмет.

Од предметите кои се примени во 2016 година, Државната комисија по 95 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила 1.693 предмети во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области и тоа на следниот начин:

-310 предмети каде што жалбата се прифаќа
-1210 предмети каде што жалбата се одбива
-161 предмети каде што жалбата се отфрла
-12 предмети испратени по изјавени жалби на понатамошно постапување на надлежен орган или се решени од страна на првостепениот орган

| 2016 година | |
|---|---|
| Вкупен број на решени предмети во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области | |
| Прифатени жалби | 310 |
| Одбиени жалби | 1.210 |
| Отфлени жалби | 161 |
| Испратени предмети по изјавени жалби на понатамошно постапување на надлежен орган или решение од страна на првостепениот орган | 12 |
| **Вкупно** | **1.693** |




*Вкупнен број на решени предмети во 2016 година во прекршочната постапка од областа на внатрешните работи и други области

**4.10 Вкупен број на примени предмети во 2016 година во прекршочната постапка**

**од областа на трудот, социјалната политика и здравството, од областа на економијата и финансиите, од областа на транспорт и врски, животна средина и просторно планирање и земјоделството и од областа на внатрешните работи и други области и вкупен број на решени предмети од наведените области**

Во 2016 година пред Државната комисија се примени вкупно 2.677 предмети во прекршочните постапки од сите погоре наведени области.

Од вкупниот број на примени предмети во 2016 година, Државната комисија решила вкупно 2.050 предмети, но покрај ова решила 96 предмети од 2015 година во 2016 година или вкупно решила 2.146 предмети.

Од предметите кои се примени 2016 година, Државната комисија по 176 предмети побарала административно барање.

Државната комисија во текот на 2016 година решила вкупно 2.146 предмети и тоа на следниот начин:

- 432 предмети каде жалбата ја прифатила
- 1.417 предмети каде жалбата ја одбила
- 282 предмети каде жалбата се отфрла
- 15 предмети по изјавени жалби кои се испратени на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од страна на првостпениот орган

| **2016 година** | |
|---|---|
| Вкупен број на решени предмети во прекршочната постапка во 2016 година | |
| Прифатени жалби | 432 |
| Одбиени жалби | 1.417 |
| Отфрлени жалби | 282 |
| Испратени предмети по изјавени жалби на понатамошно постапување на надлежен орган или решени од страна на првостепениот орган | 15 |
| **Вкупно** | **2.146** |




*Вкупен број решени предмети во прекршочната постапка во 2016 година

Во следниот графички приказ ќе бидат преставени вкупниот број решени предмети во 2016 година од прекршочна постапка по секоја поодделна област




Со овој Извештај е опфатена работата на Државната комисија, начинот на решавање и одлучување, составот и кадровската структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во 2016 година, односно статистичка анализа на сите предмети по кои постапила Државната комисија во оваа година.

И во текот на 2016 година Државната комисија продолжи навремено и во законски определениот рок да постапува по примените предмети.

Поради очекувано зголемување на бројот на предмети во 2017 година од сите

области, Државната комисија покрај постоечкиот капацитет на човечки ресурси опишан погоре во текстот на извештајот, ќе има потреба за дополнително зајакнување на постоечките капацитети како со човечки ресурси така и со машини и опрема.

Ова е потребно се со цел Државната комисија да продолжи и следната година, ефикасно и ефективно да одлучува по примените предмети во законски определениот рок.

Земајќи го во предвид вкупниот број на примени и решени предмети од страна на Државната комисија, како и различната структура на истите, на крај може да се заклучи дека работата на Државната комисија во 2016 година бележи значителни резултати.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Александар Софронијоски**